**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

За усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Стопанска Банка АД Скопје за 2018 година

Скопје, мај 2019 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска Банка Ад - Скопје (С.О. бр.339/15.12.2016 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД - Скопје, на седницата одржана на ______.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**

за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска Банка АД – Скопје за 2018 година

1. Годишната сметка и Финансиските извештаи (Биланс на состојба и Биланс на успех) на Стопанска Банка АД – Скопје за 2018 година, се усвојуваат како што следува:

| | (во 000 денари) |
|---|---|
| - Вкупно средства | 90.541.587 |
| - Вкупно обврски и капитал | 90.541.587 |
| - Вкупно приходи | 6.404.438 |
| - Вкупно расходи | 3.336.357 |
| - Добивка | 3.068.081 |

2. Се утврдува следната структура на вкупните средства и вкупните обврски и капитал, со состојба на 31.12.2018 година:

| **СРЕДСТВА** | (во 000 денари) |
|---|---|
| - Парични средства и парични еквиваленти | 19.296.328 |
| - Средства за тргување | 5.616 |
| - Кредити на и побарувања од банки | 197.089 |
| - Кредити на и побарувања од други комитенти | 63.664.180 |
| - Вложувања во хартии од вредност | 5.869.943 |
| - Нематеријални средства | 101.084 |
| - Недвижности и опрема | 883.904 |
| - Останати побарувања | 523.443 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **90.541.587** |

| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | (во 000 денари) |
|---|---|
| - Депозити на банки | 159.504 |
| - Депозити на други комитенти | 76.002.374 |
| - Обврски по кредити | 296.455 |
| - Останати обврски | 1.153.604 |
| - Основачки капитал | 3.511.242 |
| - Резерви | 916.056 |
| - Задржана добивка | 8.502.352 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | **90.541.587** |

3. Врз основа на податоците од точка 1 на оваа одлука структурата на остварените вкупни приходи и расходи е следна:

(во 000 денари)

| | |
|---|---:|
| **А. ВКУПНО ПРИХОДИ** | **6.404.438** |
| - Приходи од камата | 4.509.860 |
| - Приходи од провизии и надомести | 1.109.890 |
| - Нето добивка од тргување | 1.940 |
| - Нето приходи/(расходи) од курсни разлики | 105.173 |
| - Останати приходи | 677.575 |
| **Б. ВКУПНО РАСХОДИ** | **3.336.357** |
| - Расходи од камати | 682.760 |
| - Расходи од провизии и надомести | 105.731 |
| - Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето основа | 531.646 |
| - Трошоци за вработените | 869.802 |
| - Останати расходи | 1.146.418 |

4. Остварената добивка пред оданочување во 2018 година се утврдува во износ од 3.068.081 иљјади денари.

Остварената добивка се распоредува за:

(во 000 денари)

| | |
|---|---:|
| - Данок од добивка | 321.735 |
| - Нераспределена добивка | 2.746.346 |

5. Нераспределената добивка ќе биде распределена со посебна Одлука за распределба на добивката за 2018 година.

6. Образецот Биланс на состојба и Биланс на успех за 2018 година е составен дел на оваа одлука.

7. Оваа одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
.05.2019 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Финансискиот извештај на Стопанска Банка АД – Скопје за 2018 година е составен согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст "Методологија"), пропишана од страна на Народна банка (во понатамошниот текст("НБ") и која е во примена од 1 јануари 2011 година.

Структурата на средствата, обврските и капиталот, како и на приходите и расходите е следната:

## I. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Вкупните средства на ниво на Банката изнесуваат 90.541.587 илјади денари.

Според учеството на пооделни категории во вкупните средства, состојбите се следни:

| | |
|---|---|
| - Парични средства и парични еквиваленти | 21,31% |
| - Средства за тргување | 0,01% |
| - Кредити на и побарувања од банки | 0,22% |
| - Кредити на и побарувања од други комитенти | 70,31% |
| - Вложувања во хартии од вредност | 6,48% |
| - Нематеријални средства | 0,11% |
| - Недвижности и опрема | 0,98% |
| - Останати побарувања | 0,58% |

Структурата на обврските и капиталот, според висината на учеството на пооделните категории е следната:

| | |
|---|---|
| - Депозити на банки | 0,18% |
| - Депозити на други комитенти | 83,94% |
| - Обврски по кредити | 0,33% |
| - Останати обврски | 1,27% |
| - Основачки капитал | 3,88% |
| - Резерви | 1,01% |
| - Задржана добивка | 9,39% |

Иницијално запишаниот акционерскиот капитал на Банката на 31.12.2018 година, без земање во предвид на задржаната (акумулиран кумулативна) добивка и добивката остварена за 2018 година, изнесува 3.511.242 илјади денари.

## II. БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

Во деловната 2018 година остварени се вкупни приходи во износ од 6.404.438 иљјади денари и вкупни расходи од 3.336.357 иљјади денари, со што е остварена добивка од 3.068.081 иљјади денари.

### Вкупни приходи

Во структурата на вкупните приходи учеството на поединечните категории приходи е следно:

| | |
|---|---|
| - Приходи од камата | 70,42% |
| - Приходи од провизии и надомести | 17,33% |
| - Нето добивка од тргување | 0,03% |
| - Нето приходи/(расходи) од курсни разлики | 1,64% |
| - Останати приходи | 10,58% |

### Вкупни расходи

Во структурата на вкупните расходи учеството на поединечните категории расходи е следна:

| | |
|---|---|
| - Расходи од камати | 20,46% |
| - Расходи од провизии и надомести | 3,17% |
| - Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето основа | 15,93% |
| - Трошоци за вработените | 26,08% |
| - Останати расходи | 34,36% |

### Добивка и распределба на добивката

Во деловната 2018 година, Банката оствари добивка пред оданочување во износ од 3.068.081 иљјади денари.

Согласно законската регулатива, од добивката пред оданочување извршена е пресметка на данок од добивка, по што останува нераспределена добивка што ќе се распредели со посебна Одлука, во износ од 2.746.346 иљјади денари. Со Одлука на Собранието на акционери бр. 376 од 12.12.2018 година, дел од таа добивка е веќе исплатен како аванс на дивиденда на имателите на обични акции, а остатокот во износ од 1.471.753 иљјади денари ќе се распредели со посебна Одлука за распределба на добивката за 2018 година.

Надзорниот одбор ја усвои предложената одлука на 4-та седница одржана на 24. 04.2019 година.

Имајќи го предвид даденото образложение предлагаме Собранието на акционери да ја усвои приложената Одлука.

Скопје, Мај, 2019

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## На ден 31 декември 2018

| | (Во илјади денари) 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 19.296.328 | 17.901.316 |
| Средства за тргување | 5.616 | 3.676 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 197.089 | 159.539 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 63.664.180 | 60.657.198 |
| Вложувања во хартии од вредност | 5.869.943 | 6.230.521 |
| Вложувања во придружени друштва | - | - |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | - | 6.899 |
| Останати побарувања | 454.474 | 178.479 |
| Заложени средства | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 68.969 | 201.412 |
| Нематеријални средства | 101.084 | 104.663 |
| Недвижности и опрема | 883.904 | 907.473 |
| Одложени даночни средства | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | - | - |
| **Вкупно средства** | **90.541.587** | **86.351.176** |
| **ОБВРСКИ** | | |
| Обврски за тргување | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | - | - |
| Депозити на банките | 159.504 | 82.470 |
| Депозити на други комитенти | 76.002.374 | 70.880.438 |
| Издадени должнички хартии од вредност | - | - |
| Обврски по кредити | 296.455 | 409.410 |
| Субординирани обврски | - | - |
| Посебна резерва и резервирања | 128.364 | 132.048 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 95.126 | - |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| Останати обврски | 930.114 | 1.213.031 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | - | - |
| **Вкупно обврски** | **77.611.937** | **72.717.397** |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | |
| Запишан капитал | 3.511.242 | 3.511.242 |
| Премии од акции | - | - |
| Сопствени акции | - | - |
| Други сопственички инструменти | - | - |
| Ревалоризациски резерви | 84.683 | 200.120 |
| Останати резерви | 831.373 | 831.373 |
| Задржана добивка | 8.502.352 | 9.091.044 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **12.929.650** | **13.633.779** |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | **90.541.587** | **86.351.176** |
| | - | - |
| Потенцијални обврски | 14.191.047 | 14.321.606 |
| Потенцијални средства | - | - |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**за периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

| | (Во илјади денари) | |
|---|---|---|
| | **2018** | **2017** |
| Приходи од камата | 4.509.860 | 4.430.735 |
| Расходи за камата | (682.760) | (753.373) |
| **Нето-приходи/(расходи) од камата** | **3.827.100** | **3.677.362** |
| Приходи од провизии и надомести | 1.109.890 | 1.076.297 |
| Расходи за провизии и надомести | (105.731) | (94.462) |
| **Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести** | **1.004.159** | **981.835** |
| Нето-приходи од тргување | 1.940 | 1.426 |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | - | - |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 105.173 | 107.673 |
| Останати приходи од дејноста | 560.537 | 480.824 |
| Удел во добивката на придружените друштва | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | (531.646) | (882.078) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 117.038 | (110.306) |
| Трошоци за вработените | (869.802) | (801.066) |
| Амортизација | (137.831) | (136.776) |
| Останати расходи од дејноста | (1.008.587) | (1.035.162) |
| Удел во загубата на придружените друштва | - | - |
| **Добивка пред оданочување** | **3.068.081** | **2.283.732** |
| **Данок на добивка** | **(321.735)** | **(239.612)** |
| **Добивка за финансиската година** | **2.746.346** | **2.044.120** |
| **Заработка по акција** | | |
| Основна заработка по акција (во денари) | 157,30 | 117,07 |
| Разводнета заработка по акција (во денари) | 157,30 | 117,07 |